Australian Government
Medicare Australia

Australian organ donor register

# АВСТРАЛИСКИ РЕГИСТАР НА ДАРИТЕЛИ НА ОРГАНИ

## Што е Австралискиот Регистар на дарители на органи?

Австралискиот регистар на дарители на органи (Регистар на дарители) претставува национален регистар во кој се внесуваат одлуките на луѓето во врска со дарување на органи и/или ткива за пресадување после нивната смрт.

Овластениот медицински персонал има пристап до Регистарот на дарители 24 часа на ден.

Тоа овозможува, во случај на смрт, одлуката на дарителот да дарува орган да се внесе и да биде достапна.

Внесувањето на вашата одлука во Регистарот на дарители е по сопствена волја и вие слободно може да одлучите кој орган или ткиво сте спремни да го дарувате. Дарувањето може да вклучи:

- Органи – што подразбира бубрези, срце, бели дробови, црн дроб и панкреас
- Ткиво – што подразбира срцеви залистоци, коскено ткиво, кожни и очни ткива.

Доколку не сакате да станете дарител на органи или ткива, во Регистарот на дарители исто така можете да ја внесете вашата одлука да не бидете дарител.

## Зошто треба да размислам за дарување на органи и ткива?

За лица со сериозни заболувања и болести што се опасни за животот пресадувањето на орган или ткиво може да значи уште една шанса за живот. Повеќе од 30.000 Австралијци имале пресадување во изминатите 60 години. Подобрените изгледи за преживување сега значат дека повеќето приматели на органи или ткива може да очекуваат подобар квалитет на живеење. Со вашиот избор да ја запишете својата согласност за дарување во Регистарот на дарители можете да им помогнете дури и на десетмина други луѓе.

## Кој може да дарува органи и ткива?

Секое лице на возраст од 16 или повеќе години кое живее во Австралија може да ја запише својата одлука за дарување органи во Регистарот на дарители.

Било кој може да се одлучи да дарува органи и/или ткиво – не постои старосно ограничување за дарувањето на некои органи и ткива.  Иако вашата возраст и здравствено минато ќе бидат земени предвид, не треба да претпоставувате дека сте премлади, престари или пак недоволно здрави.

## Како може да се запишам во Регистарот на дарители?

Можете да се регистрирате:

- Лично - во канцеларија на Medicare
- Јавете се на: **1800 777 203****.
- Посетете ја Интернет страницата **www.medicareaustralia.gov.au**

Доколку не сакате да станете дарител на органи или ткива, во Регистарот на дарители можете да ја внесете вашата одлука на истиот начин.

## Дали можам да ги променам податоците внесени во Регистарот на дарители?

Може да промените било кој од податоците во Регистерот на дарители, вклучувајќи ја и вашата одлука за дарување органи, преку пополнување на Формуларот за промена на податоци што може да се добие од било која канцеларија на Medicare, или пак симнете примерок од нашата Интернет страница **www.medicareaustralia.gov.au**

## Зошто треба да го кажам бројот на мојата Medicare картичка?

Иако тоа не е задолжително, кажувањето на бројот на Medicare картичката ќе му помогне на Регистарот на дарители да ги следи промените на вашата адреса во иднина. Без тековна адреса може да се испушти можност за спасување на живот.

## Има ли потреба да разговарам за одлуката за дарување со моето семејство, партнер или блиски пријатели?

Важно е да разговарате за вашата одлука со вашето семејство, партнер или близок пријател. Тие ќе играат значајна улога во процесот на дарување и поради тоа треба да знаат за вашата согласност.

Од нив може да биде побарано да потврдат дека не сте ја промениле вашата одлука за дарување органи откако сте ја запишале вашата согласност. На нив можеби ќе им бидат поставени прашања за вашето здравствено минато за да се определи кои органи и/или ткива би биле погодни за пресадување.

Колку повеќе членови на семејството знаат за вашата одлука, толку повеќе има шанси тие да бидат спокојни во однос на вашата одлука и да осигураат дека вашите желби се почитувани и исполнети.

## Кога може да дојде до дарување на органи и ткива?

Во повеќето случаи, органи може единствено да се даруваат ако лицето е прогласено за мртво поради престанување на работата на мозокот на одделение за интензивна нега. Мозочна смрт настапува кога мозокот ќе престане да работи без изгледи за закрепнување. Тоа се утврдува преку серија на мозочни тестови извршени од страна на двајца независни и соодветно квалификувани високоостручени доктори.

Помалку од еден процент од луѓето кои умираат во болница всушност заминуваат на ваков начин, па според тоа можат да ги даруваат своите органи.

Луѓето се некогаш несигурни или збунети во врска со разликата помеѓу мозочна смрт и кома. Мозочната смрт е сосема различна од комата. Пациентот во кома е несвесен бидејќи неговиот мозок е повреден на некој начин, но истиот продолжува да функционира и може да оздрави. Медицинските проверки врз даден пациент можат јасно да ја покажат разликата помеѓу мозочна смрт и кома.

Поголем број на луѓе имаат можност да даруваат ткиво за пресадување, како што е очно ткиво, срцев залисток, коскена срж и кожно ткиво. Ова е поради тоа што за дарувањето на ткиво не се неопходни истите специјални предуслови кои обично се потребни за успешно пресадување на органи.

## Како се вадат органите и ткивата?

Вадењето на органи и ткиво не се разликува од другите хируршки зафати и го вршат високостручни хирурзи. Со телото на дарителот секогаш се ракува со почит и достоинство. Дарувањето на органи и ткиво не го менува физичкиот изглед на телото, ниту пак ги нарушува плановите за погребување.

## Кус список за проверка

- Запишете ја вашата одлука за дарување на орган и/или ткиво во Регистарот на дарители.
- Разговарајте со вашето семејство за да се осигурате дека се запознаени со вашите желби.

## За повеќе информации околу Регистарот на дарители

| | |
|---|---|
| Преку Интернет | **www.medicareaustralia.gov.au** |
| Електронска пошта | **aodr@medicareaustralia.gov.au** |
| телефон | **1800 777 203**** |

TTY **1800 552 152**** (Линија за лица со попречен слух и говор)

TIS **131 450*** (Преведувачка и толкувачка служба)

*Повикот се наплаќа.

**Повикот се наплаќа само од мобилни телефони и говорници.

## За повеќе информации за дарувањето на органи и/или ткива:

**New South Wales**

Level 6, 4 Belgrave Street

Kogarah NSW 2217

Тел **02 8566 1700**

**Australian Capital Territory**

Canberra Hospital

Yamba Drive, Garran ACT 2605

Тел **02 6244 3071**

**South Australia**

Level 6, 45 Grenfell Street

Adelaide SA 5000

Тел **08 8207 7117**

**Northern Territory**

1st floor, Royal Darwin Hospital

Rocklands Drive, Tiwi NT 0810

Тел **08 8922 8786**

**Victoria**

538 Swanson Street

Carlton VIC 3053

Тел **03 9349 4762**

**Queensland**

Level 4, Building 1

Princess Alexandra Hospital

Ipswich Road, Woolloongabba QLD 4102

Тел **07 3240 2350**

**Western Australia**

6th floor, Albert Facey House

469 Wellington Street, Perth WA 6000

Тел **08 9222 0222**

**Tasmania**

Level 3, Hobart Corporate Centre

85 Macquarie Street, Hobart TAS 7000

Тел **03 6270 2209**

**Australian Organ and Tissue Authority**

Level 5, 51 Allara Street

Canberra City ACT 2600

Тел **02 6198 9800**

1577_14d.04.11.09